ОДУ.бр.385/22

Република Северна Македонија
НОТАР
НАДА ПАЛИЌ
за подрачјето на основните
судови на градот Скопје
ул."Пролет" број 35 А Скопје
2022.07.26

# ЗАПИСНИК

## од Вонредно Собрание на акционери на ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД Скопје

ОДУ бр.385/22
**ИЗВОД**

**Република Северна Македонија**
**Н О Т А Р**
**НАДА ПАЛИЌ**
**за подрачјето на основните**
**судови на градот Скопје**
**ул."Пролет" број 35А Скопје**
**2022.07.26**
**11:00 (единаесет) часот**

Јас, **Нотар Нада Палиќ** од Скопје ул.„Пролет" број 35А, потврдувам дека во двеилјадитаи дваесетивтора година, месец јули, ден дваесетишести на писмено Барање за присуство на седница на Вонредно собрание на акционери на Централна кооперативна банка АД Скопје, заведено под број 03-7743 од 15.07.2022 година, кое е прилог на овој записник, да присуствувам на Вонредно Собрание на акционери на Централна кооперативна банка АД Скопје, закажано за ден 26.07.2022 (ден дваесетишести, месец јули, двеилјадитаидваесети втора) година, со почеток во 11:00 (единаесет) часот, во седиштето на Централна кооперативна банка АД Скопје на ул.„1732" бр.2 Скопје, заради превземање на службено дејствие согласно член 92 од Законот за нотаријатот и член 383 и член 384 од Законот за трговски друштва, а во врска со член 298 од истиот закон, како повикан Нотар да потврди Одлуки на Вонредно Собрание на акционери, го сочинив следниот-----------------------------
--------------------------------------------------------------------------------

-------------------------------**З А П И С Н И К**-------------------------------
-----------------------**од Вонредно Собрание на акционери на** -----------------------
----------------**ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД Скопје** ----------------
--------------------------------------------------------------------------------

Пред отпочнување на службеното дејствие утврдив дека:-----------------------------
--------------------------------------------------------------------------------

Централна кооперативна банка АД Скопје, ЕМБС 4640063, ЕДБ 4030993182959, со седиште на ул. „1732" број 2 Скопје е запишана во единствениот трговскиот регистар при Централен Регистар на Република Северна Македонија, врз основа на увид во Тековна состојба издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија-Трговски регистар и регистар на други правни лица под број 0805-50/150020220187311 од 26.7.2022 година, која е прилог на овој записник.-----------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------

Согласно Акционерската книга на Централна кооперативна банка АД Скопје издадена на ден 25.07.2022 година – 10:20:14 часот од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, која се води под ISIN MKSILB101014, која е прилог на овој записник, утврдив дека Издавачот Централна кооперативна банка АД Скопје издало под Вид - Обични акции, со номинална вредност по ХВ: 41.2069 ЕУР, со вкупен број на ХВ: 553087 (пестотинипедесети триилјадиосумдесетиседум), со вкупен номинален капитал од 22791000.7003 ЕУР (дваесети двамилиониседумстотинидеведесетиеднаилјада/7003 евра) број на гласови 553.087 (пестотинипедесетитриилјадиосумдесетиседум), состојба-Активен, број на иматели 355 (три стотинипедесетипет), со број на сопственички позиции 356 (тристотинипедесетишест).----------
--------------------------------------------------------------------------------

Од увидот во Акционерска книга, утврдив дека акционери на Банката се физички и правни лица.-----------------------------------------------------------------------
За оваа правна работа утврдив дека Вонредното Собрание на акционери е свикано врз основа на член 384, став 1 во врска со член 384 став 3 од Законот за трговски друштва и член
--------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

60 став 2 од Статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје, а согласно Одлука за свикување на Вонредна седница на Собрание на акционери на Централна кооперативна банка АД Скопје донесена од Надзорниот одбор на Банката на ден 20.06.2022 година, заведена под НО бр.0204-72 од 20.06.2022 година, која е прилог на овој записник, а во чии состав е следниот-----------------------------------------------------------------------

----------------------------------------**ДНЕВЕН РЕД**----------------------------------------

**1.ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**:-----------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**1.Отварање на Собранието.**-----------------------------------------------------------------
**2.Верификација на учесниците.**-------------------------------------------------------------
**3.Избор на**:--------------------------------------------------------------------------------------
**-претседавач**;----------------------------------------------------------------------------------
**-избор на двајца бројачи на гласови.**---------------------------------------------------
4.**Извештај на бројачите на гласови.**---------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**2.РАБОТЕН ДЕЛ**----------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**1.Утврдување на работниот дел од Дневниот ред**----------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**2.Разгледување на Записникот од Годишното собрание на акционерите на Централна кооперативна банка АД Скопје, ОДУ бр.278/22 од 31.5.2022 година, на Нотар Нада Палиќ од Скопје.**------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**3.Разгледување и усвојување на Предлогот на Одборот за ревизија за назначување друштво за ревизија за 2022 година, одобрен од Надзорниот одбор со**:-------------------------
**-Предлог-Одлука за усвојување на Предлогот на Одборот за ревизија за назначување друштво за ревизија за 2022 година.**----------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**4.Разгледување и донесување Одлука за повторно именување независен член на Надзорниот одбор на ЦКБ АД Скопје.**---------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**5.Разно.**------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

и на начин определен во член 387 од Законот за трговски друштва, со Јавен Повик во дневниот весник „Нова Македонија" од 22.06.2022 (ден дваесетивтори, месец јуни, две илјадитаидваесетивтора) година, страна 17, во кој е објавен и цитираниот дневен ред на ова седница на Вонредно Собрание на акционери, кој е прилог на овој записник и на официјалната интернет страница на Банката www.ccbank.mk, преку делот за нас и линкот јавен повик Вонредно Собрание, 26.07.2022 година.-----------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Исто така утврдив дека присутните акционери, лично и преку нивните полномошници на денешното Вонредно Собрание на акционери и тоа: -----------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**1.За ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД Софија**,ЕМБС 831447150, врз основа на увид во Тековна состојба под арх.бр.20220504135813/04.05.2022 г. издадена од Агенција на уписите-Служба за регистрација-Софија, која во заверен препис од Нотар Анета Микова од Софија, заведен под рег.бр.2063 од 22.07.2022 година е прилог на овој записник - **полномошник Смилен Кирилов Цинцарски** од Софија, чиј идентитет го утврдив од увид во лична карта број издадена од МВР Софија на ден 19.02.2020 година, со ЕМБГ врз основа на Известување од 21.07.2022 година, заведено под број 80872 од 25.07.2022 година, кое е прилог на овој записник и Полномошно заверено од Нотар Анета Микова од Софија под рег.бр.2062 од 22.07.2022 година, кое е прилог на овој записник.---------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**2.За Приватна високообразована установа УНИВЕРЗИТЕТ-АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ** Скопје, ЕМБС 5986591 - **Директор Марјан Бојаџиев**, чиј идентитет го утврдив од увид во лична карта број издадена од МВР Скопје на ден 02.06.2022 година, со ЕМБГ , врз основа на увид во Тековна состојба издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија - Трговски регистар и регистар на други правни лица/електорнски издаден документ/ под број 0805-50/150020220186225 од 25.7.2022 година, која е прилог на овој записник, -----------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

го потпишаа <u>Списокот на присутни акционери(обични акции) на Вонредно Собрание на Централна кооперативна банка АД Скопје од 26.07.2022 година</u>, кој е прилог на овој записник, со што го верификуваа своето присуство (верификувани учесници на Собранието). ---------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Горенаведените присутни акционери поседуваат вкупно **483.521 акции со право на глас** што претставуваат **87,42%** од вкупно запишаните 553.087 акции со право на глас, согласно Акционерската книга на Банката која е издадена 48 часа пред одржувањето на ова Вонредно собрание, што значи дека на седницата на Вонредното Собрание на акционери се присутни верификувани учесници кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас, односно квалификувано мнозинство, што значи Вонредното Собрание на акционери има кворум и може да одлучува по сите точки од дневниот ред, а кој Список на присутни акционери(обични акции) на вонредно Собрание на Централна кооперативна банка АД Скопје од 26.07.2022 година, со свој потпис ќе го заверат Претседавачот на ова Вонредно собрание и Нотарот.---------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата на Вонредното Собрание на акционери започна во 11:30 часот (единаесетчасоти триесетминути) и ја отвори Г-дин Смилен Кирилов Цинцарски од Софија - полномошник на акционерот Централна кооперативна банка АД Софија, кој најпрвин ги поздрави присутните акционери, како и членот на Надзорен одбор Г-дин Христо Христов, членот на Управниот одбор Г-дин Станимир Станчев и Г-ѓа Надка Спировска-Директор на дирекција за правни работи во банката и се заблагодари на нивното присуство и констатира дека Јавниот повик за учество на седницата на вонредното Собрание на акционери на Банката е уредно објавен во дневниот весник „Нова Македонија" на ден 22.06.2022 година и на веб страната на Банката согласно член 388-б од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва (Сл.весник на РМ бр.42 од 26.03.2010 год.) со што материјалите уредно беа ставени на располагање и достапни на акционерите.-------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Откако го отвори денешното Вонредното Собрание на акционери се премина на точка **2** од Процедуралниот дел од Дневниот ред, **Избор на работни тела: Претседавач**, **Избор на двајца бројачи на гласови.** ---------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Г-дин Смилен Кирилов Цинцарски - полномошник на акционерот Централна кооперативна банка АД Софија, истакна дека со седницата на Собранието претседава Претседавач, кој се избира за секое одделно Собрание. Со оглед на тоа што неговиот мандат како претходен претседавач истекува со изборот на претседавач на оваа седница на Собранието отвори расправа по оваа точка од дневниот ред. За збор се јави Марјан Бојаџиев -Директор на акционерот Приватна високообразована установа УНИВЕРЗИТЕТ-АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ и за Претседавач на ова Собрание на акционери го предложи Г-дин Смилен Кирилов Цинцарски - полномошник на акционерот Централна кооперативна банка АД Софија. Како никој не стави забелешки на предлогот, ваквиот предлог се стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. ЗА гласаа 483.521 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. ---------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се констатира дека за Претседавач на ова Вонредно Собрание е избран едногласно **Г- дин Смилен Кирилов Цинцарски - полномошник на акционерот Централна кооперативна банка АД Софија**.-----------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Вонредното Собрание на акционери Смилен Кирилов Цинцарски - полномошник на акционерот Централна кооперативна банка АД Софија се заблагодари за изборот и на присутните акционери им посака успешна работа, како и истакна дека согласно член 383 став 3 од Законот за трговски друштва, ако Собранието одлучува за измена на податок што се запишува во трговскиот регистар, записникот го води Нотар, така што за записничар на денешното Собрание на акционери е определена Нотар Нада Палиќ од Скопје, кој ќе го води и изготви Записникот од оваа седница на Собранието.------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Па, се премина на **Избор на двајца бројачи на гласови**.---------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Вонредното Собрание на акционери за двајца бројачи на гласови ги предложи лицата: Анита Кавракова и Борка Цветановска.---------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Како никој не стави забелешки на предлогот, ваквиот предлог го стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. ЗА предлогот гласаа 483.521 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. ----------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Вонредното Собрание на акционери констатира дека за двајца бројачи на гласови се избрани лицата: Анита Кавракова и Борка Цветановска.-----------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По изборот на двајцата бројачи на гласови истите се повлекоа со цел да го изготват Извештајот, односно да го утврдат потребниот кворум на ова Вонредно Собрание на акционери.-------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на точка **4** од Процедуралниот Дневен ред **Извештај на бројачите на гласови.**---

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Вонредното Собрание на акционери по оваа точка од дневниот ред збор му даде на Анита Кавракова -бројач на гласовите, кој го поднесе следниот извештај: ----------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

До 26.07.2022 година, ниту еден акционер не достави пополнет образец за гласање преку писмена коресподенција и по електронски пат за гласање. На седницата на Вонредното Собрание на акционери на Централна кооперативна банка АД Скопје присутни се: полномошници и застапници на акционери иматели на обични акции со право на глас, со уредни овластувања за застапување, со вкупен број на гласови кои поседуваат вкупно **483.521 акции со право на глас** што претставуваат **87,42%** од вкупно запишаните 553.087 акции со право на глас.---------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Вонредното Собрание на акционери Извештајот на бројачите на гласови за присутност на акционери и кворум, кој е прилог на овој записник, го стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. ЗА гласаа 483.521 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Вонредното Собрание на акционери констатира дека Собранието на акционери има 2/3 (двотретинско) квалификувано мнозиство што значи дека Собранието го има потребниот законски и статутарен кворум и може полноважно да одлучува по сите точки од дневниот ред.---------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**2.**Се премина на **РАБОТНИОТ ДЕЛ** од Дневниот ред, односно на точка **1.Утврдување на работниот дел од Дневниот ред**-----------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

---

Претседавачот на Вонредното Собрание на акционери истакна дека Дневниот ред и материјалите од ова Вонредно Собрание на акционери согласно јавниот повик за свикување на Вонредно Собрание беа достапни за увид во службените простории на Централна кооперативна банка АД Скопје -Дирекцијата за правни работи секој работен ден од 10:00 до 15:00 часот од денот на објавувањето на јавниот повик и на интернет страницата на Централна кооперативна банка АД Скопје www.ccbank.mk, а увид беше овозможен и пред почетокот на седницата на вонредното Собрание на акционери.---

---

Претседавачот на Вонредното Собрание на акционери по оваа точка од дневниот ред, праша дали некој сака да земе збор.За збор се јави Надка Спировска-Директор на Дирекција за правни работи на ЦКБ АД Скопје која наведе дека во текстот на објавата во точката 4. Разгледување и донесување Одлука за повторно именување независен член на Надзорниот одбор на ЦКБ АД Скопје има очигледна редакциска, техничка грешка, бидејќи е наведен еден збор повеќе а тоа е зборот „повторно„ кој е наведен по инерција. Имено не се работи за повторно избирање на предложениот член на Надзорниот одбор, бидејќи овој член сега прв пат се предлага за избор. Имено, не се работи за никаква измена од суштински или друг карактер тука само мала јазично-техничка корекција во текстот на оваа точка од работниот дел од дневниот ред за денешната седница. Како никој не се јави за збор, предложениот Работен дел од Дневниот ред со напреднаведениот предлог односно укажување за бришење на зборот повторно во самата предлог-одлука, го стави на гласање. Гласањето е јавно. ЗА гласаа 483.521 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

---

Претседавачот на Вонредното Собрание на акционери констатира дека едногласно е усвоен предложениот **Работен дел од Дневниот ред**.---

---

Се премина на точка **2.Разгледување на Записникот од Годишното собрание на акционерите на Централна кооперативна банка АД Скопје, ОДУ бр.278/22 од 31.5.2022 година, на Нотар Нада Палиќ од Скопје.**---

---

Претседавачот на Вонредното Собрание на акционери пред да го стави на гласање Записникот од Годишното собрание на акционерите на Централна кооперативна банка АД Скопје, ОДУ бр.278/22 од 31.5.2022 година, на Нотар Нада Палиќ од Скопје, кој е прилог кон материјалите за оваа седница на Собрание и е прилог на овој записник, праша дали некој има некакви забелешки на истиот.Откако никој не се јави за збор и никој не стави никакви забелешки, Записникот го стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Записникот од Годишното собрание на акционерите на Централна кооперативна банка АД Скопје, ОДУ бр.278/22 од 31.5.2022 година на Нотар Нада Палиќ од Скопје е разгледан и едногласно е одобрен. ЗА гласаа 483.521 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

---

Претседавачот на Вонредното Собрание на акционери констатира дека **Записникот од Годишното собрание на акционерите на Централна кооперативна банка АД Скопје, ОДУ бр.278/22 од 31.5.2022 година на Нотар Нада Палиќ од Скопје** е разгледан и едногласно одобрен.---

---

Се премина на точка **3.Разгледување и усвојување на Предлогот на Одборот за ревизија за назначување друштво за ревизија за 2022 година, одобрен од Надзорниот одбор со:--**
**-Предлог-Одлука за усвојување на Предлогот на Одборот за ревизија за назначување друштво за ревизија за 2022 година.**---

---

Претседавачот на Вонредното Собрание на акционери по оваа точка на дневниот ред истакна дека Одборот на ревизија на Банката на ден 20.06.2022 година има донесено Одлука за донесување предлог за назначување на друштво за ревизија во 2022 година, заведена под ОР

---

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

0205-15 од 20.06.2022 година, која одлука е одобрена од Надзорниот одбор со Одлука за одобрување на Предлогот на Одборот за ревизија за назначување на Друштво за ревизија на ЦКБ АД Скопје за 2022 година, заведена под НО бр.0204-73 од 20.06.2022 година, кои се прилог кон материјалите за денешната седница на Вонредното Собрание на акционери и се прилог кон овој записник, со која како Друштво за ревизија на Централна кооперативна банка АД Скопје за 2022 година се предлага да се избере Друштвото за ревизија РСМ Македонија ДООЕЛ Скопје, па праша дали некој се јавува за збор. Како никој не се јави за збор, Предлог-Одлуката за усвојување на Предлогот на Одборот за ревизија, потврден од Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката за усвојување на Предлогот на Одборот за ревизија, потврден од Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје, едногласно е усвоена. ЗА гласаа 483.521 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.----------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Вонредното Собрание на акционери констатира дека е донесена **Одлука за за усвојување на Предлогот на Одборот за ревизија за назначување друштво за ревизија за 2022 година, потврден од Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје** /прилог на овој записник/.-------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на точка **4.Разгледување и донесување Одлука за повторно именување независен член на Надзорниот одбор на ЦКБ АД Скопје.**---------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Вонредното Собрание на акционери по оваа точка на дневниот ред праша дали некој се јавува за збор. За збор се јави и г-дин Марјан Бојаџиев -Директор на акционерот УНИВЕРЗИТЕТ-АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ и наведе дека ја предлага г-ѓа Марина Наќева Кавракова за кандидат за независен член на Надзорниот одбор на Банката. Предлогот за овој кандидат произлегува од фактот што се работи за личност со богато професионално искуство во различни области, поседува репутација, упатеност и познавање на работењето во областа на финасиите односно и банкарството, па со тоа ќе придонесе за успешо исполнување ба задачите како независен член на Надзорниот одбор. Нејзината досегашна работна кариера ја прави достоен кандидат кој може да даде значителен личен и професионален придонес во Надзорниот одбор на Банката, особено во делот на корпоративното управување. Од исклучителна важност за нејзината компетентност но и со тоа способност за објективна и независна оцена при одлучувањето е и претходното членување во Советот на НБРСМ и Претстедател на Комисијата за хартии од вредност, што е и нејзината професинална и активна инволвираност во банкарските процеси во државата, што е доказ за нејзиното познавање на банкарската регулатива. Претседавачот на Вонредното Собрание на акционери му се заблагодари на Марјан Бојаџиев - Директор на акционерот УНИВЕРЗИТЕТ-АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ за предлогот и истакна ден во материјалите за оваа седница на Вонредно собрание е и Биографијата на кандидатот Марина Наќева Кавракова, која е прилог на овој записник, па по вака предложената Предлог-Одлуката за именување на независен член на Надзорниот одбор кој се однесува за лицето Марина Наќева Кавракова без определување на надомест за учество во работата на Надзорниот одбор, праша дали некој се јавува за збор. Како никој не се јави за збор, истата ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката именување на г-ѓа Марина Наќева Кавракова за независен член на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје, со која се именува за независен член на Надзорниот одбор за период од 4 (четири) години, едногласно е усвоена. ЗА гласаа 483.521 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Вонредното Собрание на акционери констатира дека е донесена **Одлуката за именување на независен член на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје** /прилог на овој записник/.------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на точка **5.Разно.**-------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Вонредното Собрание на акционери во оваа во оваа точка предложи да се зголеми износот на надомест на членовите на Надзорниот одбор во нето износ од денарска противвредност од 1.000 (илјада) евра по среден курс на НБРСМ на денот на исплатата, за секој од членовите на Надзорниот одбор поединечно. Исто така истакна дека тоа е ставот на мнозинскиот акционер ЦКБ АД Софија, а имајќи го во предвид фактот што се работи за членство во еден од најзначајните органи на Банката - Надзорниот одбор на Банката, кој со својата работа постојана дава особено значителен придонес за одржување на финансиската стабилност на Банката и нејзиниот развој и препознатливост на финасискиот пазар во РСМакедонија, доброто корпоративно управување, законитост во работењето, членовите на Надзорниот одбор со овој износ на надомест ќе биде посоодветен од десагашниот, а за нивната работа. Па предложи да се усвои Одлука за определување на висината на надоместот за учество во работата на Надзорниот одбор на ЦКБ АД Скопје, во нето износ од денарска противвредност од 1.000 (илјада) евра по среден курс на НБРСМ на денот на исплатата, за секој од членовите на Надзорниот одбор поединечно. Како никој не се јави за збор, истата ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката за определување на висината на надоместот за учество во работата на Надзорниот одбор на ЦКБ АД Скопје, едногласно е усвоена. ЗА гласаа 483.521 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Вонредното Собрание на акционери констатира дека е донесена **Одлука за определување на висината на надоместот за учество во работата на Надзорниот одбор на ЦКБ АД Скопје** /прилог на овој записник/.----------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Вонредното Собрание на акционери праша дали некој сака нешто да праша или да земе збор. Како никој друг не се јави за збор Претседавачот на сите присутни акционери и на останатите присутни им се заблагодари за присуството, со што овозможија Вонредното Собрание на акционери успешно да ја одржи денешната седница. Претседавачот констатира дека е исцрпен дневниот ред и го заклучи Вонредното Собрание на акционери на Централна кооперативна банка АД Скопје во 11:53(единаесетчасотипедесетитриминути).-------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Овој записник лично го составив на осум страници, од осум листа, го следев целокупниот тек на седницата на вонредното Собрание на акционери и истиот содржи опис на сите дејствија што се случија на седницата, а кои се од важност за оценка на законитоста на постапката за донесување на одлуките, за што Претседавачот на Вонредното Собрание на акционери потврди дека неговата содржина одговара на фактичката состојба па во знак на согласност со неговата содржина своерачно го потпишува.------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**<u>Претседавач</u> на Вонредно Собрание на акционери на Централна кооперативна банка АД Скопје - Акционер Централна кооперативна банка АД Софија**----------------------------------

______________________________________________с.р.---------------------------------------------------

**Преку полномошник Смилен Кирилов Цинцарски** -----------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

При составување на овој записник се издадени изводи еден за учесникот Централна кооперативна банка АД Скопје, со прилози кон овој записник и без прилози кон овој записник, еден за Народна Банка на Република Северна Македонија, еден за Централен Регистар на Република Северна Македонија-Трговски регистрар и регистарот на други правни лица, еден за акционерот Централна кооперативна банка АД Софија, а изворникот се чува во архивот на Нотарот.---------------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ИЗВОД**

---

Нотарска награда согласно член 44 и 57 од Нотарската тарифа е пресметана во износ од *13.500,оо* денари и надоместок на трошоци, согласно член 52 од Нотарската тарифа е пресметан во износ од *960,оо* денари.------------------------------------------------------------------------------------------------------

---

**ОДУ.бр.385/22**-----------------------------------------------------------------------------------------------
Во Скопје 2022.07.26 - Двеилјадитаидваесетивтора година, месец јули, ден дваесетишести.---

---

**НОТАР**
**Нада Палиќ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на основниот суд на градот НОТАР НАДА ПАЛИЌ СКОПЈЕ

Јас НОТАР, НАДА ПАЛИЌ

ул. Пролет 35А Скопје

(име, презиме и седиште - адреса)

потврдувам дека овој извод е изедначен со изворникот.

Овој е прв извод - потполн - во извадок, кон кого не се приложени - се приложени 21 (дваесетиеден) преписи од прилогот на нотарската исправа.

Број: ОДУ 385/22

Во Скопје 26.07 2022 година НОТАР,

(потпис и печат)

Република Северна Македонија
Нотар на подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
НАДА
ПАЛИЌ
СКОПЈЕ